tehnomedika

POCTech

## Систем за континуирано мерење и мониторинг на нивото на глукоза во крвта

### Водич за брз почеток

За подетални информации погледнете го Упатството за корисници




Состав на сензор апликаторот




## ЧЕКОР 1: Подгответе го предавателот

Инсталирај ја CR1620 батеријата во предавателот со плус (+) знакот горе.

Користете паричка за отворање и затворање на капакот.




Заклучи го капакот на батеријата. (во насока на стрелката)




## ЧЕКОР 2: Подгответе го приемникот

Вклучете го приемникот.

Кога дисплејот на приемникот е вклучен, внесете го серискиот број на предавателот. Притиснете “Yes” за да се поврзете.

За да внесете дата и време, притиснете “Config”.

Притиснете “Sync” за да извршите поврзување на предавателот и приемникот.




## ЧЕКОР 3: Подгответе ја кожата

Изберете место на кое ќе го аплицирате сензорот и исчистете го со алкохолни марамчиња.

Бидете сигурни дека местото е суво пред аплицирањето.



## ЧЕКОР 4: Подгответе го сензорот

Одлепете го заштитниот филм на сензорот.



Ставете го сензорот на исчистената кожа.

Притиснете  на базата на сензорот цврсто за да се осигурате дека базата на сензорот е добро залепена.



## ЧЕКОР 5: Аплицирајте го сензорот

Извадете го сигурносното капаче.



Свиткајте го апликаторот така да кожата под предниот крај на основата на сензорот не се повлече нагоре.

Притиснете го копчето за ослободување на начин како на сликата. Треба да слушнете Клик и да почувствувате дека сензорот е аплициран.



## ЧЕКОР 6: Извадете го апликаторот

Користете го палецот, притискате на посоченото копче и со повлекување назад го отстранувате апликаторот



Притиснете ги страничните осигурувачи за да го отстраните апликаторот од сензорот.



## ЧЕКОР 7: Прикачете го предавателот

Притиснете го блокот за поврзување на сензорот.



Лизгајте го предавателот на сензорската база се додека не слушнете КЛИК.



## ЧЕКОР 8: Иницијализирајте го сензорот

Приемникот прикажува ‘Start sensor? Yes/No’.

Изберете “Yes” да започне 3-часовната иницијализација







## ЧЕКОР 9: Калибрирајте го сензорот

Кога иницијализацијата е завршена со користење на гликометар измерете го нивото на шеќер во крвта

Изберете " ", и "Ref BG Input" и внесете ја измерената вредност на нивото на шеќер во крвта БГ вредност




Следете ја табелата подолу за подоцнежни калибрации:

| | $1^{st}$ | $2^{nd}$ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1-ви Ден | Прва БГ | 6-10 часа после првата БГ | 2-ра БГ треба да биде пред вечера или пред спиење. |
| 2-ри ден | Пости бг | Пред вечерата. | |
| Денови 3-10 | Пости бг | NA | 1 БГ дневно за период од 3-10 дена |

## ЧЕКОР 10: Поставување на сетинзи

Изберете “ ”. Притиснете “Settings”.

Дата/Време.

Тон на тастатурата.

Известување за вклучени/исклучени(звук/вибрација/звук+вибрација).

Аларм за поставување на БГ прагови вредности.

Јазик.







## ЧЕКОР 11: Внесете настани

Изберете “ ”. Внесете “Вежбање”, “Оброк”, “лекарства”, или “инсулин” на почетокот на секој настан.

Мора да ги внесете сите настани во реално време.



# Чекор 12: **Екран**




# Чекор 13: Преглед на податоци

Притиснете Data“ “ и изберете опција:

- Преглед на податоци: Преглед на историски податоци од сензорот.
- Податоци за 24 часа: Прикажи 24-часовен преглед на податоци.




# Чекор 14: Крај на мониторинг сесија

- 10-дневната мониторинг сесија Приемникот автоматски ја завршува. Немате потреба да го исклучувате сензорот
- Нежно излупете го и подигнете го сензорот заедно со предавателот од вашата кожа.
- Задржете го предавателот за повторна употреба.
- Фрлете го сензорот во сад за медицински отпад.
- За да го одвоите предавателот од сензорот:
- Повлечи го предниот дел на сензорот.
- Лизгајте го предавателот напред за да го одвоите од базата на сензорот.






tehnomedika

ТЕХНОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје
Бул. АВНОЈ 12 бр. 1 зграда А5-4, влез 1 кат ПР
1000 Скопје
Република С. Македонија
www.tehnomedika.mk